**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-78/1**
**Скопје, 18.01.2007 година**

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ,,КОМУНАЛЕЦ,,**
**БИТОЛА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие ,,Комуналец,,- Битола п.о. (во понатамошниот текст Јавното претпријатие) за 2005 година, прикажани на страните од 11 до 13.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Јавното претпријатие ,,Комуналец,,- Битола за 2001 година. За годината 2004 која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Никола Темелковски - директор со неограничени овластувања до 22.05.2005 година
   - Јовко Крстевски - директор со неограничени овластувања од 23.05.2005 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 16.10.2006 до 17.11.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои

се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилна примена на акти**

10.1.1. Менаџментот на Јавното претпријатие не превземало активности за запишување на “Комуналец” во трговскиот регистар кај надлежниот Суд започнувајки со стапување на сила на Законот за јавни претпријатија односно 08.08.1996 година па до денес, што е спротивно на член 12 од Законот за јавните претпријатија. Иако не извршил запишување во трговскиот регистар, истиот го донел Статутот на Јавното претпријатие на ден 19.08.1998 годуина согласно одредбите на член 19 и 29 од Законот, односно ги усогласил актите на претпријатието. Непревземањето активности за запишување во трговскиот регистар односно не доставувањето на пријава и актот за основање на претпријатието предизвикува отсуство на соодветна регистрација и извршување на дејности кои не се регулирани со постојните законски и подзаконски акти.

10.1.2. “Комуналец” врши дејности кои со Законот за јавни претпријатија и Законот за комунални дејности не се утврдени како дејности од јавен интерес и тоа: производство и промет на цвеќе, украсни растенија и расадочен материјал и набавка и продажба на погребална опрема кои како дејности се наведени во судската регистрација од 31.08.1979 година и проширување на истата со Решение Срег број 1586/91 од 02.09.1991 година и Решение Срег број 2105/97 од 14.10.1997 година. Превземање на активности за извршување на дејности како основа за остварување на дополнителни приходи предизвикува извршување на дејности кои не се од јавен интерес со можност на запоставување на дејностите од јавен интерес.

10.1.3. Склучен е Договор за кредитирање бр. 0408. Б/03 од 08.04.2003 година помеѓу LA DISTRIBUTRICE S.r.l. Trieste Italia, Јавно претпријатие “Комуналец” Битола и Диамак Агри дооел Скопје и Анекс број 1 кон договорот. Договорот е склучен врз основа на Одлука за задолжување со долгорочен стоков кредит за набавка на возила и издавање гаранција од Стопанска банка АД Битола како средство за обезбедување на плаќање на кредитот од Управен одбор бр. 02-215/5 од 23.04.2003 година и Решение за давање согласност на наведената одлука од Совет на Општина Битола.

Со ревизија на склучените договори, констатирано е следното:

- Предмет на Договорот е набавка на осум транспортни средства за подигање на смет.
- Вкупна вредност на Договорот за кредитирање изнесува 962.856 eur и тоа:
    - вкупна вредност на возилата 645.750 eur,
    - финансирање на обртни средства 100.000 eur,


ул: “Маршал Тито” - 12/3
Палата Македонија - Скопје
тел:3211-262, факс:3126-311

- трошоци за менаџмент и провизија/,,management and commitment fee,, 15.000 eur,
- аванс 140.000 eur,
- камата по кредит 202.106 eur,

o Рок на враќање на кредитот по договорот е 20 тримесечни рати

o За обезбедување на плаќањата и враќање на кредитот согласно прифатените услови во Договорот за кредитирање Јавното претпријатие се обврзало кон :

- склучување на Договор за издавање на долгорочна девизна гаранција бр.03-394/3 од 18.07.2003 година за обезбедување на плаќање со Стопанска банка АД Битола на износ од 822.856 eur со рок на важност до 15.09.2008 година и провизија од 0,9% тримесечно однапред на гарантираниот износ, но не помалку од 5 илјади денари,
- склучување на Договор за залог склучен помеѓу Стопанска банка АД Битола и ЈП “Комуналец” Битола за недвижен имот за кој се заснова запишување на заложно право- хипотека од прв ред со кој “Комуналец” го става под хипотека најголемиот дел од имотот со кој располага во вредност од 30,000 илјади денари за обезбедување на парично побарување на доверителот кое произлегува од договорот за издавање на девизна гаранција од страна на Стопанска банка АД Битола,
- ослободување на кредиторот LA DISTRIBUTRICE S.r.l. Trieste Italia од секаква одговорност во однос на изборот на возилата и секаква одговорност од видливи и скриени мани на возилата од договорот,
- “Комуналец” согласно условите во договорот потврдува дека било каква рекламација на квалитет, доцнење во испораката, лошо функционирање, лоша монтажа, настаната штета при транспорт, неизвршување на обврските на испорачателот или производителот и било која друга можна рекламација на возилата неможе никако да биде на терет на кредиторот - LA DISTRIBUTRICE S.r.l.,
- “Комуналец” се обврзува во гарантниот рок да набавува резервни делови за возилата од посредникот Диамак агри Скопје, а по истекот на гарантниот рок се препорачува да продолжи со набавка на резервни делови од истиот поради сигурност и оргиналност на резервните делови,
- “Комуналец” се обврзува дека нема да бара намалување на износот на плаќање на кредитот или негово целосно неплаќање во случај на неможност на користење на испорачаните возила од било кои причини, дури и ако истото настане по вина на испорачателот или производителот,
- “Комуналец” се обврзува дека никаква одговорност нема да може да му се препише на кредиторот во случај на стечај на испорачателот и производителот и нема да бара од кредиторот да ја намали обврската за кредитот или негово укинување.

Ревизијата не се увери во оправданоста на склучувањето на наведениот договор, намерите за прифаќање на неповолни услови во договорот, намената и крајниот корисник на трошоци за менаџмент и провизија/,,management and commitment fee,, 15.000 евра и законитоста на постапката, односно истата е во спротивност со член

38 од Законот за буџетите каде е утврдено дека „само Владата има право да зема заеми од правни и физички лица од земјата и од странство ...“. Непочитувањето на законските одредби, при склучувањето на Договорот за кредитирање и прифаќањето на одредбите од истиот предизвикува: Управниот одбор и директорот на Јавното претпријатие да ги надминат своите надлежности кои им се дадени согласно Законот и Статутот, нанесување на штета на претпријатието, овозможување на матријална корист на поединци во износ од 15.000 евра, ставање под залог имот кој служи за извршување на дејности од јавен интерес и доведување во прашање финансиската состојба односно солветноста и ликвидноста на претпријатието.

10.1.4. Јавното претпријатие не извршило доставување на регистерот за извршените набавки и примерок од склучениот договор со избраниот добавувач до Бирото за јавни набавки, не изработува тендерска документација (освен споецификација) за секоја поодделна јавна набавка, одлуката за потребата од одделна јавна набавка не ги содржи битните елементи за потребата од одделна јавна набавка, не пристапува кон евалуација на понудите и изготвување на предлог за најповолен понудувач а за дел од набавките кои ги извршувале вршеле деливост на истите што е спротивно на Законот за јавни набавки. Непочитувањето на наведениот закон предизвикува нетранспаретност и јавност на набавките, избегнување на утврдените постапки за јавни набавки и незаконско користење на средствата.

**Препораки и мерки:**

“Комуналец“ Битола да обезбеди соодветно почитување на законските акти и превземе активности за запишување во трговскиот регистар согласно Законот за јавни претпријатија, а основачот да превземе мерки за утврдување на одговорноста на законските застапници за ваквата состојба.

1. Менаџментот на “Комуналец“ Битола да превземе активности за регулирање на предметот на работењето на претпријатието односно го усогласи своето работење согласно Законот за јавните претпријатија и Законото за комунални дејности и други законски акти кои ги дефинираат дејностите од јавен интерес.

2. Основачот и Управниот одбор на претпријатието при донесување на актот за задолжување на претпријатието во земјата и странство да обезбедат доследно почитување на законските(Законот за јавен долг, Законот за финансирање на едниците на локалната самоуправа итн..) и подзаконските акти, оневозможат ставање под залог имот кој е од јавен интерес и да извршат соодветна анализа за влијанието на задолжувањето врз ликвидноста и солветноста на претпријатието.

3. Менаџментот на претпријатието да пропише соодветни политики и обезбеди нивно имплементирање кои ке овозможат доследно почитување на утврдените постапки за јавните набавки.

10.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Не е извршен попис и не се превземени активности за целосно усогласување на сметководствената со фактичката состојба на земјиштето, и состојбата на истата сметка во сметководствената евиденција, согласно член 473 од Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и

усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Непревземањето на активности и непочитување на наведените законски и подзаконски акти за спроведување на пописот предизвикува неможност да се утврди фактичката состојбата на земјиштето, усогласување со сметководствената евиденција и за утврдените разлики да се изјасни органот на управување.

10.2.2. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 52 конфирмации до исто толку комintенти добиени се 26 одговори, што претставува 50 % од вкупно испратените, од кои 19 се потврдени односно 73,08% од пристигнатите а 7 не се потврдени односно 26,92 %, додека 26 воопшто не одговорија што претставува 50 % од испратените конфирмации. Од претходното може да се констатира мал одзив на Вашите комintенти кое оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препораки и мерки:**

1. Да се превземат активности и мерки за доследно почитување на утврдените политики кои ќе овозможат извршување на целосен и правилен попис, усогласување на сметководствената со фактичката состојба на земјиштето, согласно законските и подзаконските акти.

2. Да се превземат активности за конфирмирање на побарувањата и обврските кое ќе преставува основа за усогласување на побарувањата и обврските и нивното реално и објективно прикажување во финансиките извештаи.

10.3. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

10.3.1. Извршени се набавки на материјали, резервни делови, погребална опрема, градежни материјали, масла и мазива и услуги, во вкупен износ од 12.297 илјади денари и тоа:

- Извршени набавки без спроведена постапка за јавни набавки во вкупен износ од 5.325 илјади денари;
- Извршени набавки во износ од 6.825 илјади денари со тоа што при спроведување на постапката не е овозможено доследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки;
- Извршени набавки од мала вредност во вкупен износ од 147 илјади денари чиј износ месечно е поголем од 100 евра во денарска противвредност, спротивно на член 73 од Законот за јавни набавки;

Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата, необезбедување на фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките. (прилог број. 1 и 2)

10.3.2. Склучен е Договор број 03-785/1 од 19.12.2005 година за превземање на долг, со кој Д.О “Мултитекс“ Битола се обврзува да го превземе долгот во целост на должникот Центар за култура Битола спрема Јавното претпријатие “Комуналец“ кој потекнува од неплатени сметки за комунални услуги. Со склучувањето на наведениот договор Јавното претпријатие за вредноста на побарувањето од должникот - Центарот за култура Битола се обврзува да набави од Д.О. “Мултитекс“ ХТЗ и

погребална опрема во износ од 701 илјада денари. Пристапувањето кон потпишување на наведениот договор предизвикува непочитување на одредбите од Законот за јавните набавки и не обезбедување на фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

10.3.3. Извршено е ангажирање на физички лица за извршување на работни задачи во “Комуналец“ за што се искажани останати нематеријални трошоци во вкупен износ од 1.216 илјади денари и тоа:

- ангажирање на физички лица без претходно склучен акт во писмена форма за утврдување на правата и обврските во вкупен износ од 967 илјади денари и
- ангажирање на физички лица со склучен договор за извршување на одредени активности во вкупен износ од 249 илјади денари.

Ваквиот начин на ангажирање на работници и трошење на средства на претпријатието и евидентирарање во сметководствената евиденција без уредна и веродостојна документација е спротивен на Законот за трговски друштва и Законот за работни односи. Непочитување на законските прописи предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата на претпријатието.

10.3.4. Во текот на 2005 година “Комуналец“ извршил задолжување на име краткорочни кредити за ликвидност од повеќе банки односно Стопанска Банка А.Д. Битола, Извозно Кредитна-Банка и Кредитна Банка, за обезбедување на парични средства за исплата на плати на вработените и средства за ликвидност на претпријатието кое задолжување во тековната година изнесува 59.550 илјади денари. На известувачкиот датум 31.12.2005 година износот на задолжување по овој основ на име останати краткорочни обврски по основ на земени краткорочни кредити за наредниот пресметковен период изнесува 7.003 илјади денари. На име трошоци за камати по основ на земени краткорочни кредити искажани се обврски во вкупен износ од 1.412 илјади денари;

За извршеното задолжување и превземање на краткорочни обврски по основ на заеми и кредити на ревизијата не и беше презентирана согласност од основачот што е спротивно на член 11 од Законот за јавни претпријатија. Непочитување на законската регулатива и задолжување без согласност од основачот, создавање на трошоци за камати за извршените задолжувања предизвикува: надминување на надлежностите на директорот на претпријатието, узурпирање на правата на основачот и незаконско и ненаменско користење на средствата.

10.3.5. На позицијата останати краткорочни обврски по основ на заеми и кредити искажани се обврски во износ од 918 илјади денари по основ на склучени договори за позајмица со Ј.П. Нискоградба-Битола, КЈП „Водовод“-Битола и Битолски весник-Битола, без обезбедена согласност од основачот на актот за задолжување, спротивно на член 11 од Законот за јавните претпријатија. Јавното претпријатие од вака обезбедените средства, користи средства во износ од 200 илјади денари, за давање на спонзорства за финансирање на спортски и културни активности. Не обезбедувањето на согласност од основачот и задолжување на претпријатието со цел да се изврши спозорирање на други правни лица кои не се во интерес на дејноста на претпријатието,


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата, узурпирање на правата на основачот, надминување на надлежностите на менаџерите и намалување на солветноста и ликвидноста на претпријатието.

**Препораки и мерки:**

1. "Комуналец" да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе овозможи фер конкуранција, еднаква положба на понудувачите и економичност на набавките.

2. "Комуналец" да превземе активности за пропишување на соодветни политики кои ќе овозможат доследно почитување на законските и подзаконските акти од областа на работните односи, да ја утврди потребата од дополнителна работна сила за пополнување на слободни работни места и нивно ангажирање согласно Законот за работни односи односно Законот за агенциите за привремени вработувања.

3. "Комуналец" да воспостави процедури кои во наредниот период ќе оневозможат претпријатието да се задолжува без согласност на основачот и превземање на мерки и активности за воспоставување на политики за начинот на обезбедување и давање на средства на име финансиска подршка за културни, спортски и други манифестации и настани .

10.4. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 10.1; 10.2; и 10.3 предизвикуваат "Комуналец" да: не изврши запишување во трговскиот регистар, извршува дејности кои не се од јавен интерес, изврши задолжување во странство, не изврши целосен попис на материјални средства, неспроведени постапки за јавни набавки, ангажира вработени без соодветен писмен акт и да зема заеми без согласност на основачот.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.1 до 10.3 финансиските извештаи ја преставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на "Комуналец" под 31 Декември 2005 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1; и 10.3., кај "Комуналец" не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2005 година.

13. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

13.1. Јавното претпријатие на известувачкиот датум искажува обврски на име даноци и придонеси и камати за ненавремено подмирување на истите односно на име обврска за ДДВ должи 8.851 илјада денари и на име камати 2.244 илјади денари. Поради лошата солветност и ликвидност претпријатието не е во можност редовно да ги измирува обврските према државата и добавувачите така што до денот на ревизијата обврските на име ДДВ изнесуваат 6.367 илјади денари и камати 2.534 илјади денари, за кои претпријатието се обратило до надлежната Управа за јавни приходи за склучување на договор за одложено подмирување на обврските. Со цел да ја отстрани потребата од континуирано задолжување на претпријатието, менаџментот на претпријатието во соработка со основачот треба да ја преиспитаат деловната политика на претпријатието, воспостават политики за

економично, ефикасно и ефективно работење а воедно со преставниците на надлежните органи од јавниот сектор изнајде начин на мегусебно затварање на побарувањата во износ од 5.839 илјади денари со состојба 12.10.2006 година.

13.2. Во текот на 2005 година по две правосилни судски пресуди спрема долунаведените доверители се пресметани обврски за плаќање во вкупен износ од 13.721 илјади денари за кои претпријатието треба да обезбеди парични средства за нивно редовно измирување или дозадолжување со камати за ненавремено плаќање на истите и тоа:

- По правосилна пресуда на Основниот суд Битола П.бр.1327/2001 од 18.10.2004 година да му исплати на тужителот Томе Аџиев адвокат од Битола главен долг во износ од 4.160 илјади денари, парнични трошоци во износ од 196 илјади денари и камата според ЗВСЗК од 09.11.2000 година до исплатата, односно пресметано до 30.11.2005 година во износ од 5.100 илјади денари или вкупно 9.456 илјади денари.
- По правосилна пресуда на Основниот суд Битола П.бр.399/2001 од 03.06.2005 година да му исплати на тужителот ДООЕЛ Нимаки Битола главен долг во износ од 1.975 илјади денари, парнични трошоци во износ од 158 илјади денари и камата според ЗВСЗК од 20.06.2001 година до исплатата, односно 2.132 илјади денари или вкупно 4.265 илјади денари.

На ден 30.11.2005 година , а архивски заведено на ден 31.07.2006 година под број 03-231/2 од истата дата помеѓу “Комуналец” и горенаведените доверители е склучена тројна меѓусебна спогодба за начинот на исплата на долговите пресудени со правосилните пресуди. Во член 3 од Спогодбата е наведено дека исплатата на обврските на должникот спрема доверителите се утврдува на месечна ануитетна отплата во висина од 300 илјади денари. Структурата на каматата и главницата содржани во ануитетната отплата, како и бројот на рати за отплата ќе биде определена врз основа на амортизационен план изготвен од страна на Стопнска банка АД Скопје. И покрај ваквите состојби, во отсуство на вработен правник со правосуден испит, претпријатието и понатаму користи адвокатски услуги, без притоа да пристапи кон сеопфатна анализа дали ваквата состојба и практика и најпогодна, најкорисна и најекономична.

13.3. “Комуналец” не превземал мерки и активности за управување со комуналниот и со другиот неопасен отпад заради одржување на јавна чистота и постапување со напуштениот отпад на јавните и сообраќајни површини во урбаните средини и во неурбанизираниот простор на подрачјето на општина Битола, не превземал мерки за поднесување на барање до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за поседување дозвола за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и другите видови неопасен отпад , не превземал мерки за ангажирање на лице кое поседува овластување за управител со отпад што се дел од законската обврска согласно одредбите на Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија број 68/2004). Невоспоставувањето на правила и пропишани услови, начин, шеми и дозволи за собирање и транспортирање на комуналниот и другите видови неопасен отпад предизвикува неотстранување на отпадот на начин прифатлив заради заштита на животната средина, живот и здравје на луѓето.

13.4. За утврдување на фактичката состојба во однос на примената на одредбите на Законот за управување со отпад, врз основа на Писмо-Брање бр. 1309-

757/5 од 31.10.2006 година, Главниот државен ревизор се обрати до надлежниот органодносно до Градоначалникот на Општина Битола , во насока на обезбедување на релевантни документи со кои ќе се потврди дека основачот на Јавното претпријатие постапил согласно одредбите на Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија број 68/2004). Градоначалникот на Општина Битола достави Одлука за начинот на собирање, транспортирање и депонирање на интерен отпад во Општина Битола БР. 07-1668/14 од 29.11.2005 година, Правилник за начинот на собирање, транспортирање и депонирање на интерен отпад во Општина Битола бр. 07-483/11 од 13.03.2006 година и Одлука за комунален ред во Општина Битола бр. 07-966.4 од 24.12.1999 година со кое може да се потврди дека Советот на Општина Битола и Градоначалникот на Општината не постапиле во согласност со членовите 22,33,43,47,90,113,116,121,123 и 144 од Законот за управување со отпад со што се предизвикува неможност од следење заради спречување на негативното влијание на отпадот врз животната средина, живот и здравје на луѓето, избегнување, намалување на количеството на создаден отпад, постигнување на висок степен на заштита на животната средина, живот и здравје на луѓето, со одржлив развој преку зачувување и заштеда на природните ресурси.

13.5. "Комуналец" не пристапил кон усогласување на интерните акти и своето работење согласно измените и дополнувањата на Законот за јавни претпријатија, кои се во насока на обврска на Јавното претпријатие да доставува тримесечни извештаи до основачот во кои ќе се содржат показатели за финансиското работење, водење на посебни сметки ако покрај дејностите од јавен интерес, Јавното претпријатие врши и други дејности итн.... Непревземањето на мерки и активности за примена на истите во работењето на Јавното претпријатие предизвикува неусогласеност на организацијата и работењето со одредбите на Законот за јавни претпријатија (,,Сл весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06) при вршење на дејноста од јавен интерес иако примената на наведените одредби стапуваат во сила во месец април 2006 година.

14. Јавното претпријатие превземало не целосни мерки по дадените препораки и мерки содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2001 година.

**Скопје, 17.01.2007 година** **Овластен државен ревизор**

Јавно Претпријатие "Комуналец"П.О. Битола

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2005 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 135,127 | 121,507 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 70 | 127 |
| Останати деловни приходи | 3,730 | 2,954 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **138,927** | **124,588** |
| Материјални трошоци | 29,339 | 36,155 |
| Трошоци за бруто плати | 47,893 | 49,756 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 9,585 | 8,700 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 6,028 | 57,163 |
| Останати оперативни трошоци | 30,824 | 23,786 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **123,669** | **175,560** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 1,630 | 1,129 |
| Приходи од учества на вложувања | 274 | 274 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 15,569 | 10,305 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **1,593** | **(59,874)** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **1,593** | **(59,874)** |
| **Данок од добивка** | **777** | **-** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **816** | **(59,874)** |

**Јавно Претпријатие "Комуналец"П.О. Битола**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 1,387 | 1,251 |
| Побарувања по основ на продажба | 75,637 | 60,483 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 446 | 389 |
| Други краткорочни побарувања | 618 | 1,218 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4,701 | 8,013 |
| Залихи | 11,935 | 13,457 |
| **Вкупно тековни средства** | **94,724** | **84,811** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 82,042 | 91,156 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 174 | 2,624 |
| **Вкупно нетековни средства** | **82,216** | **93,780** |
| **Вкупна актива** | **176,940** | **178,591** |
| **Вонбиласна евиденција-Актива** | **31,998** | **43,728** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 30,743 | 26,277 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 2,716 | 2,022 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 24 | 24 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 8,244 | 6,938 |
| Останати краткорочни обврски | 27,371 | 25,369 |
| Одложени плаќања на трошоци | 3,124 | 2,329 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **72,222** | **62,959** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 31,998 | 43,728 |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 120,716 | 120,716 |
| Ревалоризациона резерва | 486 | 486 |
| Резерви | 10,744 | 10,744 |
| Нето добивка | 816 | - |
| Пренесена загуба | 60,042 | - |
| Загуба за финансиска година | - | 60,042 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **72,720** | **131,946** |
| **Вкупна пасива** | **176,940** | **178,591** |
| **Вонбиласна евиденција-пасива** | **31,998** | **43,728** |

**Јавно Претпријатие "Комуналец"П.О. Битола**

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2005 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Добивка од финансиската година | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **120,716** | **10,744** | **486** | **-** | **(60,042)** | **71,904** |
| Добивка за финансиска 2005 година | | - | | 816 | | **816** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **120,716** | **10,744** | **486** | **816** | **(60,042)** | **72,720** |


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

**Јавно Претпријатие "Комуналец"П.О. Битола**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2005 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2005/2004** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **1,593** |
| обртни средства: | |
| Амортизација | 9,585 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 428 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 73 |
| Приходи од поранешни години и добиени попусти | (595) |
| Данок од добивка | (777) |
| **Готовински текови од работење** | **10,307** |
| Побарувања по основ на продажба | (15,154) |
| Побарувања од поврзани субјекти | (57) |
| Други краткорочни побарувања | 609 |
| Платени трошоци за идните периоди | 3,312 |
| Залихи | 2,781 |
| Обврски спрема добавувачи | 4,466 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 694 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 1,306 |
| Останати краткорочни обврски | 2,002 |
| Одложени плаќања на трошоци | 795 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **11,061** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 1,348 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (543) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **805** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | (11,730) |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(11,730)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **136** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **1,251** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **1,387** |